# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” СКОПЈЕ

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на додипломски студии**
**на студиските програми**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**
**во учебната 2007/08 година**

**Скопје, јуни 2007**

Во согласност со член 72 и член 101 од Законот за високото образование, Правилникот за условите и критериумите за запишување на додипломски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесен на 9-тата седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 27 февруари 2006 година, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 110-тата седница одржана на 18 април.2007 година, и Одлуката на Владата на РМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2007/08 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на додипломски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2007/08 година

## I. Број на студенти

На факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во прва година на додипломски студии, за кои се стекнува **универзитетска диплома**, во учебната 2007/08 година ќе се запишат **следниов број студенти:**

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финансирање (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕХНИЧКИ И ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ | **2.394** | | **1.188** | | **260** | **3.842** |
| **Архитектонски факултет** | **60** | 300 | **30** | 800 | 0 | **90** |
| **Градежен факултет** | **200** | 200 | **75** | 300 | | **275** |
| ▪ **градежништво** | 120 | | 50 | | | 170 |
| - конструктивна насока | 50 | | | | | |
| - патишта и железници | 35 | | | | | |
| - хидротехничка насока | 35 | | | | | |
| ▪ **геодезија (6 семестри)** | 50 | | 15 | | | 65 |
| ▪ **геотехника (6 семестри)** | 30 | | 10 | | | 40 |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | **428** | 200 | **428** | | | **856** |
| ▪ **електроенергетски системи** | 30 | | 30 | 600 | | 60 |
| ▪ **електроенергетика и управување** | 30 | | 30 | 600 | | 60 |
| ▪ **електроенергетски уреди** | 30 | | 30 | 600 | | 60 |
| ▪ **конверзија и искористување на електрична енергија** | 30 | | 30 | 600 | | 60 |
| ▪ **електроника, радиотехника и процесирање на сигнали** | 60 | | 60 | 600 | | 120 |
| ▪ **телекомуникации** | 60 | | 60 | 600 | | 120 |
| ▪ **компјутерско системско инженерство и автоматика** | 48 | | 48 | 600 | | 96 |
| ▪ **информатика и компјутерско инженерство** | 96 | | 96 | 600 | | 192 |
| ▪ **професионални студии по информатика (6 семестри)** | 44 | | 44 | 500 | | 88 |
| **Машински факултет** | **366** | 200 | **120** | | **0** | **486** |
| ▪ **производно инженерство** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **транспорт, механизација и логистика** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **термичко инженерство** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **автоматика и флуидно инженерство** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **материјали, заварување и конструктивно инженерство** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **индустриско инженерство и менаџмент** | 32 | | 10 | 600 | | 42 |
| ▪ **моторни возила** | 32 | | 10 | 600 | | 42 |
| ▪ **енергетика и екологија** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **мехатроника** | 32 | | 10 | 600 | | 42 |
| **професионални студии (6 семестри)** | | | | | | |
| ▪ **производна информатика** | 0 | | 20 | 200 | | 20 |
| ▪ **индустриски дизајн** | 30 | | 10 | 600 | | 40 |
| ▪ **применето термичко инженерство** | 0 | | 20 | 200 | | 20 |
| ▪ **хидраулика и автоматика** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| ▪ **заварување и дизајн на конструкции** | 30 | | 5 | 600 | | 35 |
| **Технолошко-металуршки факултет** | **350** | 200 | **105** | 300 | | **455** |
| ▪ **четиригодишнин додипломски студии** | **230** | | **69** | | | **299** |
| - неорганско инженерство и заштита на животна средина | 30 | | 9 | | | 39 |
| - металургија и метални материјали | 30 | | 9 | | | 39 |
| - полимерно и органско инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |

| **ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ -** | **редовни во државна квота** | **износ на надоместок (ЕУР)** | **редовни со кофинанси-рање** | **износ на ко-финанси-рање (ЕУР)** | **вонредни** | **вкупен број на студенти** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - хемиско процесно инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |
| - прехранбена технологија и биотехнологија | 50 | | 15 | | | 65 |
| - конфекциско инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |
| - наука за материјали | 30 | | 9 | | | 39 |
| ▪ **тригодишни професионални студии** | **120** | | **36** | | | **156** |
| - неорганско инженерство и заштита на животна средина | 30 | | 9 | | | 39 |
| - металургија | 30 | | 9 | | | 39 |
| - синтетски и полимерни материјали | 30 | | 9 | | | 39 |
| - хемиско и процесно инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |
| **Рударско-геолошки факултет-Штип *)** | **200** | **150** | **20** | **300** | **0** | **220** |
| ▪ **Рударски оддел** | **50** | | **10** | | | **60** |
| ▪ **Геолошки оддел** | **50** | | **10** | | | **60** |
| ▪ **Политехнички студии на УКИМ** | **100** | | | | | **100** |
| - **нови технологии и материјали** | 20 | | | | | 20 |
| - **геотехнологија** | 20 | | | | | 20 |
| - **геоекологија** | 20 | | | | | 20 |
| - **индустриска логистика** | 20 | | | | | 20 |
| - **индустриски менаџмент** | 20 | | | | | 20 |
| **Природно-математички факултет** | **790** | **200** | **410** | | **360** | **1.460** |
| ▪ **Математика** | **80** | | **20** | **400** | **20** | **120** |
| - наставна математика и | | | | | | |
| - теориска математика | 40 | | 10 | | 10 | 60 |
| - применета математика | 40 | | 10 | | 10 | 60 |
| **со подносоките**: математичко програмирање; математичка економија | | | | | | |
| ▪ **физика** | **60** | | **20** | **400** | **20** | **100** |
| - наставна насока | | | | | | |
| - физика и компјутерски науки | | | | | | |
| - применета насока | | | | | | |
| **со подносоките**: материјали и уреди; медицинска физика; теорис-ка физика; геофизика; метеорологија; астрономија | | | | | | |
| ▪ **хемија** | **118** | | **90** | **700** | **90** | **298** |
| - наставна насока | 30 | | 30 | | 30 | 90 |
| - аналитичка биохемија | 48 | | 30 | | 30 | 108 |
| - применета насока | 40 | | 30 | | 30 | 100 |
| **со подносоките**: аналитичко-структурна; препаративна | | | | | | |
| ▪ **биологија** | **100** | | **100** | **500** | **0** | **200** |
| - наставна насока | 40 | | 40 | | | 80 |
| - биохемиско-физиолошка насока | 40 | | 40 | | | 80 |
| - еколошка насока | 20 | | 20 | | | 40 |
| ▪ **географија** | **45** | | **45** | **500** | **45** | **135** |
| ▪ **етнологија и антропологија** | **35** | | **15** | **400** | **15** | **65** |
| ▪ **информатика** | **162** | | **0** | **500** | **20** | **182** |
| - информатика за основно образование | 20 | | | | | |
| - информатичко образование и електронско учење, | | | | | | |
| - компјутерски науки, | | | | | | |
| - информациски ситеми, | | | | | | |
| - програмско инженерство и | | | | | | |
| - компјутерски архитектури и мрежи | 142 | | | | | |
| ▪ **информатички технологии (6 семестри)** | **130** | | **100** | **980** | **0** | **230** |
| - интернет и мобилни технологии | | | | | | |
| - администрирање на компјутерски мрежи | | | | | | |
| (со можност за далечинско образование) | | | | | | |
| ▪ **математика и физика** | **24** | | **20** | **400** | **20** | **64** |
| ▪ **биологија и хемија** (за вонредни студенти може да конкурираат само дипломирани студенти од ПА) | **36** | | | **700** | **30*** | **66** |
| **ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ** | **1.842** | | **1.956** | | **430** | **4.228** |
| **Економски факултет** | **360** | **200** | **440** | **600** | **40** | **840** |
| ▪ **економија** | 51 | | 63 | | | |
| ▪ **менаџмент** | 52 | | 64 | | | |
| ▪ **маркетинг** | 52 | | 63 | | | |
| ▪ **финансиски менаџмент** | 51 | | 62 | | | |
| ▪ **сметководство и ревизија** | 51 | | 63 | | | |
| ▪ **надворешна трговија** | 51 | | 63 | | | |
| ▪ **Е-бизнис** | 52 | | 62 | | | |
| **Правен факултет „Јустинијан Први"** | **300** | **200** | **350** | | **35** | **685** |
| ▪ **правни студии** | 220 | | 250 | **800** | 15 | 485 |
| ▪ **политички студии** | 50 | | 50 | **800** | 10 | 110 |
| ▪ **новинарство** | 30 | | 50 | **600** | 10 | 90 |

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финанси-рање (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Филозофски факултет** | **280** | | **280** | | **68** | **628** |
| ▪ **филозофија** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **педагогија** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **социологија** | 40 | **200** | 40 | **500** | 24 | 104 |
| ▪ **психологија** | 20 | **200** | 20 | **500** | 0 | 40 |
| ▪ **историја** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **историја со архивистика** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **историја на уметноста** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **археологија** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| ▪ **класични студии** | 20 | **100** | 20 | **250** | 4 | 44 |
| ▪ **одбранбени и мировни студии** | 30 | **200** | 30 | **500** | 6 | 66 |
| ▪ **социјална работа и социјална политика** | 30 | **200** | 30 | **500** | 6 | 66 |
| ▪ **дефектологија** | 20 | **200** | 20 | **500** | 4 | 44 |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески"** | **482** | **200** | **466** | **500** | **140** | **1.088** |
| ▪ **македонски јазик и јужнословенски јазици** | **55** | | **55** | | **25** | **135** |
| - македонски јазик и јужнословенски јазици | 35 | | 35 | | 15 | 85 |
| - српски јазик | 10 | | 10 | | 5 | 25 |
| - словенечки јазик | 10 | | 10 | | 5 | 25 |
| ▪ **македонска книжевност и јужнословенски книжевности** | **35** | | **35** | | **15** | **85** |
| ▪ **албански јазик и книжевност** | **65** | | **65** | | **5** | **135** |
| - наставна насока (мајчин) | 25 | | 25 | | 5 | 55 |
| - насока за преведување и јазична интерпретација - мајчин | 20 | | 20 | | | 40 |
| - насока за преведување и јазична интерпретација - немајчин | 20 | | 20 | | | 40 |
| **турски јазик и книжевност** | **40** | | **40** | | **20** | **100** |
| - наставна насока - мајчин | 20 | | 20 | | 10 | 50 |
| - турски јазик и книжевност – немајчин | 20 | | 20 | | 10 | 50 |
| ▪ **руски јазик и книжевност** | **22** | | **22** | | **10** | **54** |
| ▪ **француски јазик и книжевност** | **25** | | **25** | | **15** | **65** |
| ▪ **германски јазик и книжевност** | **25** | | **25** | | **15** | **65** |
| ▪ **англиски јазик и книжевност** | **66** | | **50** | | **10** | **126** |
| ▪ **општа и компаративна книжевност** | **20** | | **20** | | **10** | **50** |
| ▪ **италијански јазик и книжевност** | **25** | | **25** | | **15** | **65** |
| ▪ **преведување и толкување** | **104** | | **104** | | | **208** |
| - англиски јазик | 84 | | 84 | | | 168 |
| - француски јазик | 10 | | 10 | | | 20 |
| - германски јазик | 10 | | 10 | | | 20 |
| ▪ **полски јазик и книжевност (мирува)** | **0** | | **0** | | **0** | **0** |
| **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје** | **290** | **200** | **290** | **400** | **101** | **681** |
| ▪ **одделенска настава** | **175** | | **175** | | **65** | **215** |
| - за наставници во паралелки на македонски јазик | 60 | | 60 | | 25 | 85 |
| - за наставници во паралелки на албански јазик | 90 | | 90 | | 30 | 210 |
| - за наставници во паралелки на турски јазик | 25 | | 25 | | 10 | 60 |
| ▪ **предучилишно воспитание** | **115** | | **115** | | **36** | **266** |
| - за воспитувачи во групи на македонски јазик | 40 | | 40 | | 15 | 95 |
| - за воспитувачи во групи на албански јазик | 50 | | 50 | | 16 | 116 |
| - за воспитувачи во групи на турски јазик | 25 | | 25 | | 5 | 55 |
| **Педагошки факултет „Гоце Делчев" – Штип *)** | **130** | **150** | **130** | **300** | **46** | **306** |
| ▪ **одделенска настава** | 70 | | 70 | | 25 | 165 |
| ▪ **предучилишно воспитание** | 60 | | 60 | | 21 | 141 |
| **МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | **290** | | **360** | | **105** | **755** |
| **Медицински факултет** | **125** | | **165** | | **75** | **365** |
| ▪ **општа медицина** | 90 | **300** | 90 | **1.200** | | 180 |
| ▪ **логопедија (6 семестри)** | 0 | | 20 | **700** | 20 | 40 |
| ▪ **аудиологија - рехабилитација (6 семестри) (мирува)** | | | | | | |
| ▪ **радиолошки технолози (6 семестри)** | 20 | **200** | 20 | **700** | 20 | 60 |
| ▪ **медицински сестри/техничари (6 семестри)** | 15 | **200** | 15 | **700** | 15 | 45 |
| ▪ **физиотерапевти** | 0 | | 20 | **700** | 20 | 40 |
| **Фармацевтски факултет** | **45** | **200** | **45** | **1.000** | **0** | **90** |
| **Стоматолошки факултет** | **60** | **200** | **90** | | **0** | **150** |
| ▪ **стоматологија** | 60 | | 60 | **1.000** | | 120 |
| ▪ **стручни забни техничари (6 семестри)** | 0 | | 30 | **1.000** | | 20 |
| **Факултет за физичка култура** | **60** | **200** | **60** | **700** | **30** | **150** |
| ▪ **физичко и здравствено воспитание** | 30 | | 30 | | 15 | 75 |
| ▪ **спорт** | 30 | | 30 | | 15 | 75 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финанси-рање (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ▪ физичко и здравствено воспитание на албански јазик (мирува) | | | | | | |
| **БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **515** | | **288** | | **75** | **878** |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | **360** | **200** | **150** | **400** | **55** | **565** |
| ▪ **поледелска насока** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ **градинарско-цвеќарска насока** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ **лозароовоштарска насока** | 60 | | 15 | | 5 | 80 |
| ▪ **сточарска насока** | 40 | | 15 | | 5 | 60 |
| ▪ **агроекономска насока** | 50 | | 25 | | 20 | 95 |
| ▪ **заштита на растенијата** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ искористување, уредување и заштита на почвите и водите (мирува) | 0 | | 0 | | 0 | 0 |
| ▪ **еко-земјоделство** | 40 | | 15 | | 5 | 60 |
| ▪ **преработка на земјоделски производи** | 50 | | 15 | | 5 | 70 |
| ▪ **градинарско-цвеќарска насока во Струмица** | 30 | | 20 | | 0 | 50 |
| ▪ земјоделска техника (мирува) | 0 | | 0 | | 0 | 0 |
| **Шумарски факултет** | **120** | **200** | **120** | **400** | **20** | **260** |
| ▪ **шумарство** | 30 | | 30 | | 5 | 65 |
| ▪ **озеленување и унапредување на животната средина** | 30 | | 30 | | 5 | 65 |
| ▪ **механичка технологија на дрвото** | 30 | | 30 | | 5 | 65 |
| ▪ **проектирање и технологија на мебел и ентериер** | 30 | | 30 | | 5 | 65 |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | **35** | **200** | **18** | **700** | | **53** |
| **УМЕТНОСТИ** | **104** | | **69** | | **0** | **173** |
| **Факултет за драмски уметности** | **30** | **200** | **0** | | **0** | **30** |
| ▪ **драмски актери** | 30 | | | | | 30 |
| **-драмски актери на македонски јазик** | 10 | | | | | 10 |
| **-драмски актери со познавање на албански јазик** | 10 | | | | | 10 |
| **-драмски актери со познавање на турски јазик** | 10 | | | | | 10 |
| ▪ драматургија (мирува) | | | | | | |
| ▪ театарска режија (мирува) | | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ режија (мирува) | | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ камера (мирува) | | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ монтажа (мирува) | | | | | | |
| ▪ продукција (мирува) | | | | | | |
| **Факултет за ликовни уметности** | **22** | **200** | **22** | **800** | 0 | **44** |
| ▪ **Сликарски оддел** | 6 | | 6 | | | 12 |
| ▪ **Графички оддел** | 6 | | 6 | | | 12 |
| ▪ **Вајарски оддел** | 5 | | 5 | | | 10 |
| ▪ **Педагошки оддел** | 5 | | 5 | | | 10 |
| **Факултет за музичка уметност** | **52** | **200** | **47** | **800** | **0** | **99** |
| ▪ музичка теорија и педагогија | 24 | | 9 | | | 33 |
| ▪ композиција | 2 | | 1 | | | 3 |
| ▪ оркестарско диригирање | 2 | | 1 | | | 3 |
| ▪ музикологија **(мирува)** | 0 | | 0 | | | 0 |
| ▪ флејта | 0 | | 2 | | | 2 |
| ▪ обоа | 1 | | 0 | | | 1 |
| ▪ кларинет | 1 | | 1 | | | 2 |
| ▪ саксофон | 0 | | 2 | | | 2 |
| ▪ фагот | 1 | | 0 | | | 1 |
| ▪ труба | 0 | | 2 | | | 2 |
| ▪ хорна | 1 | | 2 | | | 3 |
| ▪ тромбон | 0 | | 1 | | | 1 |
| ▪ туба | 1 | | 0 | | | 1 |
| ▪ удирачки инструменти | 0 | | 2 | | | 2 |
| ▪ соло пеење | 3 | | 3 | | | 6 |
| ▪ пијано | 5 | | 6 | | | 11 |
| ▪ хармоника | 0 | | 4 | | | 4 |

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финанси-рање (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ▪ виолина | 5 | | 4 | | | 9 |
| ▪ виола | 2 | | 2 | | | 4 |
| ▪ виолончело | 1 | | 1 | | | 2 |
| ▪ контрабас | 2 | | 1 | | | 3 |
| ▪ харфа | 1 | | 0 | | | 1 |
| ▪ гитара | 0 | | 3 | | | 3 |
| ▪ етномузикологија **(мирува)** | 0 | | 0 | | | 0 |
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје** | **5.145** | | **3.861** | | **870** | **9.876** |

***) Доколку основачот - Собранието на РМ донесе акт со кој Факултетот за рударство, геологија и политехника и Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип ќе бидат во составот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одредбите од Конкурсот за наведените факултети нема да се применуваат.**

## I₁. Број на студенти за стручно образование во траење помалку од 3 (три) години

На одделни студиски програми за стручно образование **во траење помалку од 3 (три) години, за кои се стекнува факултетски сертификат**, во учебната 2007/08 година ќе се запишат **следниов број студенти:**

| ФАКУЛТЕТИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофи-нансирање | износ на кофинан-сирање (ЕУР) | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стоматолошки факултет - стручно образование (5 семестри)** | **0** | | **20** | **500** | **20** |
| - стручни стоматолошки сестри | | | 20 | | 20 |

## II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование, во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука.

   По исклучок, особено талентирано лице може да запише студии на факултетите од областа на уметностите иако нема завршено четиригодишно средно образование, под услов тоа да го стекне до крајот на втората година на студиите, под услови утврдени со статутот на факултетот.

   Доколку лицето од претходниот став не ги исполни наведените услови, го губи статусот студент на соодветниот факултет.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

   На додипломски студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

3. На додипломски студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.

   Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на знаењата и умеењата. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.

Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.

4. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:
   - студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;
   - студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности и студиски програми за кои кандидатите покажуваат значителен интерес.

   **Во прилог на Конкурсот е дадена листа на студиските програми и видот на проверката на знаењата и умеењата на кандидатите** (Листа 2).

5. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Во зависност од видот на студиската програма, дополнителен критериум за селекција е проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

   Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите може да освојат најмногу **100 поени**, и тоа:

   - На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование, општиот успех по сите предмети учествува со **60%**, а успехот од два предмета значајни за соодветната студиска програма учествува со **40%**.

   **Во прилог на Конкурсот е дадена листа на двата предмета значајни за секоја студиска програма одделно** (Листа 1**)**.

   - На студиските програми каде селекцијата ќе се врши и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите, општиот успех од средното образование учествува со **60%**, а успехот од проверката на знаењата и умеењата учествува со **40%**.
     На факултетите од областа на уметностите, успехот од проверката на знаењата и умеењата учествува со **60%,** а општиот успех од средното образование учествува со **40%.**

6. Вреднувањето на успехот од средното образование, во зависност од видот на студиските програми, се врши на долунаведените начини.

   - На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12 (за кандидатите што биле ослободени од полагање на матурскиот испит, доколку тој бил предвиден, при пресметувањето на средниот успех, кон збирот на оценките внесени во свидетелствата се додаваат уште онолку петки колку што предмети требало да се полагаат на матурскиот испит). По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**. Збирот од оценките од двата предмета значајни за студиската програма се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа може да се добијат најмногу **20 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета. По двете основи може да се добијат најмногу **100 поени**.

   - На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **според успехот од средното образование и успехот од проверката на знаењата и умеењата**, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12 (за кандидатите што биле ослободени од полагање на матурскиот испит, доколку тој бил предвиден, при пресметувањето на средниот успех, кон збирот на оценките внесени во свидетелствата се додаваат уште

онолку петки колку што предмети требало да се полагаат на матурскиот испит). По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

На **факултетите од областа на уметностите, вреднувањето на успехот од средното образование** се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **8** (за кандидатите што биле ослободени од полагање на матурскиот испит, доколку тој бил предвиден, при пресметувањето на средниот успех, кон збирот на оценките внесени во свидетелствата се додаваат уште онолку петки колку што предмети требало да се полагаат на матурскиот испит). По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**.

## $II_1$. Проверка на знаењата и умеењата на кандидатите

1. Проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се спроведува писмено и анонимно.

   Проверката на знаењата и умеењата се спроведува преку тестови, во организација на факултетите и Универзитетот.

   Тестовите електронски се прегледуваат со оптичко читање на обрасците, во организација на Универзитетскиот компјутерски центар. При полагањето кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот (лична карта или пасош). Во спротивно, не им се дозволува полагање.

2. На Архитектонскиот факултет, на факултетите од областа на уметностите и на Факултетот за физичка култура, проверката на знаењата и умеењата се спроведува писмено, усно или практично.

   На педагошките факултети и на Природно-математичкиот факултет (наставни студиски програми) се врши претселекција на кандидатите, т.е. проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање, која не се бодира.

3. Вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата се врши со бодување од **0** до **40** поени, а на факултетите од областа на уметностите од **0** до **60** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.

4. Вкупниот број поени врз основа на кои се врши рангирањето на кандидатите се добива со собирање на поените од **глава II точка 6, потточка 2** и **глава $II_1$ точка 3**.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет на факултетот формира конкурсна комисија и комисии за проверка на знаењата и умеењата.

2. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.

   Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.

3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.

4. На студиските програми на Универзитетот не можат да бидат запишани кандидати кои имаат помалку од **40 поени**, добиени по сите основи.

5. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на знаењата и умеењата, на студиските програми каде што таа се спроведува. Кандидатот има право на приговор до

конкурсната комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа.

Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до управата на факултетот.

Решението на управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти.

Решението на конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа), факултетот истовремено го доставува до Ректоратот на Универзитетот.

6. Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

7. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите спроведуваат дополнително тестирање/селекција само за овие кандидати.

   Доколку во вториот уписен рок се повтори истата ситуација, дополнително тестирање/ селекција се спроведува за сите такви кандидати (без оглед на нивниот број), а се примаат онолку кандидати колку што е утврдено со Конкурсот.

   По спроведеното дополнително тестирање/селекција, овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа.

   Доколку и по извршеното дополнително тестирање/селекција, на ранг-листата од претходниот став има кандидати со еднаков број поени, предност имаат кандидати - добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува факултетот - носител на студиската програма.

   Содржината и терминот на дополнителното тестирање/селекција ги утврдува факултетот - носител на студиската програма.

   **Во прилог на Конкурсот е дадена листа на студиските програми и видот и содржината на дополнителното тестирање/селекција** (Листа 3).

8. Кандидатите кои во првиот уписен рок го положиле тестот од проверката на знаењата и умеењата, а во вториот уписен рок конкурираат на иста студиска програма, или на студиска програма на која тестот на проверката се спроведува на ист начин и според иста содржина, може да се рангираат без повторно полагање, доколку достават потврда за бројот на поените и потпишат изјава дека ги прифаќаат поените од првата проверка. Ако кандидатите повторно полагаат проверка на знаења и умеења, се земаат поените од повторното полагање.

9. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите, во износ од **100 до 200 евра**, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банката на РМ.

   Надоместокот за студирање на студентите од претходниот став, за секоја студиска програма одделно, е составен дел на овој Конкурс. Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.

Надоместокот од став 1 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

10. Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од чл. 2 и чл. 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РМ бр. 2/2002), во учебната 2007/08, ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање партиципација, односно кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на соодветната студиска програма.

    Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

11. Ректорската управа донесува посебно Упатство за реализација на Конкурсот.

## IV. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработуваење на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

   За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

   Вонредните студенти се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и студентите запишани во категоријата со кофинансирање на студиите од глава V точка 2 од Конкурсот.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од Здравствената станица на Универзитетот).

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студиите

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето во оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

3. Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

   Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Кандидати со завршено средно образование во странство

**а) Странски државјани**

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот.

2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Архитектонскиот факултет, Факултетот за физичка култура и на факултетите од областа на уметностите, се врши со проверка на знаењата и умеењата.

3. При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот јазик (издадена од комисија на Универзитетот) и уверение за здравствената состојба (од Здравствената станица на Универзитетот).

   Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје организира курс за изучување на македонскиот јазик.

   Школарината за странските државјани во учебната 2007/08 година изнесува: на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, на факултетите за математичко-технички, природно-математички и биотехнички науки, на Факултетот за драмски уметности, Факултетот за ликовни уметности, како и на Факултетот за физичка кул-тура - **1.500** евра, на Факултетот за музичка уметност **650** евра, а на другите факултети - **1.250** евра за еден семестар, доколку поинаку не е регулирано со договор за меѓууниверзитетска соработка.

   Во оваа категорија студенти припаѓаат и кандидатите странски државјани чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија.

   Странските државјани го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

**б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство**

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.

2. Селекцијата на кандидатите од точка 1, на Архитектонскиот, Медицинскиот, Стоматолошкиот, Фармацевтскиот факултет, на Факултетот за физичка култура и на факултетите од областа на уметностите се врши со проверка на знаењата и умеењата.

3. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од студиската програма изнесува **денарска противвредност од 200 до 1.000 евра** за една учебна година (како за кандидатите од глава V).

   Кандидатите од првиот став можат да се запишуваат и под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РМ, во рамките на државната квота.

   Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

4. Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и

критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство, односно за завршена меѓународна матура. Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство а не се во можност да се пријават во текот на првиот уписен рок (заради времето на завршување на образованието во странство) и кандидатите со завршена меѓународна матура, се запишуваат во септемврискиот уписен рок, вклучително и на оние студиски програми на кои е пополнета квотата во првиот уписен рок.

Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, а ќе бидат примени оние кандидати кои ќе освојат бодови најмалку како и последниот примен кандидат во рамките на државната квота на соодветната студиска програма. Бројот на овие кандидати може да изнесува најмногу **10%**, а трошоците за нивното студирање ги поднесува Министерството за образование и наука.

Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава I од Конкурсот. За кандидатите кои се запишуваат во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се применуваат одредбите од глава V од Конкурсот.

Кандидатите од глава VI се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во роковите утврдени со Конкурсот.

## VII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РМ (Одлука на Владата на РМ, бр. 19-3047/2 од 29 мај 2007)

1. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2007/08 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на студиска програма (редовни во државна квота и редовни со кофинансирање). Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

2. На високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

3. За припадниците на немнозинските заедници на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, се предлага овој број да не е повисок од **25%**, како и на оние факултети, односно студиски програми каде бројот на студенти кои се запишуваат во прва година е под **20 студенти**. Во рамките на овој процент, соодветно да бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на РМ.

4. Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Македонија.

## VIII. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеења и запишување

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ - 2007/08 Г. - | I УПИСЕН РОК | | II УПИСЕН РОК | |
|---|---|---|---|---|
| | ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | | | |
| | со проверка на знаења и умеења | без проверка на знаења и умеења | со проверка на знаења и умеења | без проверка на знаења и умеења |
| Пријавување на кандидатите | **25 и 26 јуни** | **25 и 26 јуни** | **3 септември** | **3 септември** |
| Објавување резултати од успехот од средно образование | **27 јуни** | **27 јуни** | **4 септември** | **4 септември** |
| Проверка на знаења и умеења | **29 јуни** | / | **6 септември** | / |
| Објавување резултати од проверката на знаењата и умеењата | **2 јули** | / | **7 септември** | / |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **5 јули** | **2 јули** | **12 септември** | **12 септември** |
| Запишување на кандидатите | **9 и 10 јули** | **4 и 5 јули** | **13 и 14 септември** | **13 и 14 септември** |

**Забелешка:**
На **факултетите од уметностите**, проверката на знаењата и умеењата **во првиот уписен рок** ќе се изведува во периодот од **29 јуни** до **5 јули** 2007 година, а во **вториот уписен рок** од **4** до **12 септември** 2007 година.

**Трет уписен рок**
На факултетите на кои се останати непополнети места, третиот уписен рок ќе се реализира од **17 до 21 септември** 2007 година.

## IX. Документи за пријавување и запишување

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
1. пријава за запишување
2. оригинални свидетелства од сите класови
3. свидетелство за завршено средно образование
4. извод од матичната книга на родените
5. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
6. потврда за уплатени:
   - **200 денари** на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои **не се врши** проверка на знаењата и умеењата, односно
   - **400 денари** на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои **се врши** проверка на знаењата и умеењата.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат, освен горните, и документите наведени во глава IV, точка 3

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби.**

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс, студентска легитимација и пријавни листови (обрасците се подигаат од студентските прашања на факултетот на кој студентот се запишува)
2. три фотографии (2- 6x9 и 1 - 4x5)
3. потврда за уплатени **100,00 денари** за Сојузот на студентите на соодветниот факултет - носител на студиската програма, на жиро-сметката **на соодветниот факултет**, депонент: ______, повикување на број _____, програма ____.
4. потврда за уплатени **750,00** денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **со назнака ИКСА на УКИМ, _______ (да се наведе факултетот - носител на студиската програма)**, на жиро-сметката **160010368978818**, депонент: НБРМ, со трезорска сметка **100000000063095**, приходна шифра **723012**, програма **40.**

* * *

Составен дел на Конкурсот се:

- **Листа 1 - Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средното образование**
- **Листа 2 - Студиски програми и видот на проверката на знаењата и умеењата**
- **Листа 3 - Студиски програми и видот и содржината на дополнителното тестирање/селекција**

**Листа 1**

## Предмети значајни за студиските програми кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средното образование

| Факултет<br>- студиска програма - | I предмет | II предмет |
|---|---|---|
| **Градежен факултет**<br>- градежништво<br>- геотехника | математика | - физика<br>- техничка механика и јакост на материјалите<br>- информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| - геодезија | математика | - физика<br>- геодезија<br>- информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| **Машински факултет**<br>**за сите студиски програми** | математика | - физика<br>- техничка механика<br>- машински елементи со механика<br>- информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| **Електротехнички факултет**<br>**за сите студиски програми** | математика | - физика<br>- основи на електротехника<br>- информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| **Технолошко-металуршки факултет**<br>**за сите студиски програми** | хемија | математика |
| **Рударско-геолошки факултет**<br>**за сите студиски програми** | физика | хемија |
| **Природно-математички факултет** | | |
| - математика | математика | - физика<br>- информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| - информатика | информатика | математика |
| - хемија | хемија | - математика<br>- биологија<br>- физика<br>(по избор на кандидатите) |
| - физика | физика | - математика<br>- информатика<br>- хемија<br>(по избор на кандидатите) |
| - биологија | биологија | хемија |
| - географија | географија | историја |
| - етнологија | македонски јазик | историја |
| - математика - физика | математика | физика |
| - биологија - хемија | биологија | хемија |
| - физика - хемија | физика | хемија |
| **Економски факултет**<br>**за сите студиски програми** | 1. основи на економија<br>2. бизнис<br>3. организација<br>4. математика<br>5. социологија<br>6. основи на менаџмент<br>7. информатика<br>8. странски јазик<br>9. маркетинг<br>(кандидатите избираат два од наведените предмети) | |
| **Правен факултет**<br>**за сите студиски програми** | мајчин јазик | историја |

| **Факултет<br>- студиска програма -** | **I предмет** | **II предмет** |
|---|---|---|
| **Филозофски факултет**<br>- филозофија | **за сите студиски програми:**<br>македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | **- филозофија***<br>- логика<br>- историја |
| - педагогија | | **- педагогија ***<br>- психологија<br>- социологија<br>- филозофија |
| - социологија | | **- социологија***<br>- филозофија<br>- историја<br>- психологија |
| - психологија | | **- психологија***<br>- биологија<br>- математика |
| - историја<br>-историја со архивистика | | **- историја***<br>- социологија |
| - историја на уметност<br>- археологија | | **- историја*** |
| - класични студии | | **- старогрчки јазик***<br>**- латински јазик***<br>- историја |
| - одбранбени и мировни студии | | **- одбрана***<br>- историја |
| - социјална работа и социјална политика | | **- социологија***<br>- психологија |
| - дефектологија | | **- психологија***<br>- биологија<br>- филозофија |
| * Доколку за првопосочениот предмет кандидатот има оценка, се бодира таа оценка, а во спротивно, по негов избор ќе биде внесена оценката од друг предмет наведен во листата | | |
| **Филолошки факултет** | | |
| - македонски јазик и јужнословенски јазици | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - српски јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - словенечки јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - македонска книжевност и јужнословенски книжевности | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - албански јазик и книжевност (наставна насока - мајчин) | албански јазик и литература | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - албански јазик и книжевност насока за преведување и толкување (мајчин) | албански јазик и литература | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - албански јазик и книжевност насока за преведување и толкување (немајчин) | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - турски јазик и книжевност наставна насока (мајчин) | турски јазик и литература | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - турски јазик и книжевност наставна насока (немајчин) | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |

| Факултет<br>- студиска програма - | I предмет | II предмет |
|---|---|---|
| - руски јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | руски јазик или странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - германски јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | германски јазик |
| - италијански јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | италијански јазик или странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| - француски јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | француски јазик |
| - преведување и толкување<br>- англиски јазик<br>- германски јазик<br>- француски јазик | <br>англиски јазик<br>германски јазик<br>француски јазик | <br>германски или француски јазик<br>француски или англиски јазик<br>англиски или германски јазик |
| - општа и компаративна книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | странски јазик (првиот, таму каде што се изучуваат 2 странски јазика) |
| **Педагошки факултет, Скопје за сите студиски програми** | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | математика |
| **Педагошки факултет, Штип за сите студиски програми** | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) | математика |
| **Медицински факултет** | | |
| - радиолошки технолози | хемија | физика |
| - медицински сестри | биологија | хемија |
| - логопедија | биологија | физика |
| - физиотерапевти | биологија | физика |
| **Стоматолошки факултет** | | |
| - стручни забни техничари | биологија | хемија |
| - стручни стоматолошки сестри | биологија | хемија |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | | |
| **за сите студиски програми** | хемија | биологија |
| - агроекономска насока | хемија | математика |
| **Шумарски факултет** | **за сите студиски програми** | |
| - шумарство<br>- озеленување и унапредување на животната средина | математика | - хемија<br>- биологија<br>- искористување на шумите<br>- подигање и одгледување на зелени површини<br>- дендрологија<br>(по избор на кандидатите) |
| - механичка технологија на дрвото<br>- проектирање и технологија на мебел и ентериер | | - нацртна геометрија<br>- информатика<br>- физика<br>- хемија<br>- ликовно воспитување<br>- техничка механика<br>(по избор на кандидатите) |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | хемија | биологија |

**Листа 2**

## Студиски програми за кои ќе се врши проверка на знаењата и умеењата и видот на проверката

| Факултет/студиска програма | Проверка на знаењата и умеењата |
|---|---|
| **Архитектонски факултет** | **Прв дел:** психолошко тестирање на склоноста за студирање архитектура<br>**Втор дел:** слободорачно цртање: тестирање на способноста за визуелна перцепција на просторот |
| **Филолошки факултет**<br>**- англиски јазик и книжевност** | англиски јазик |
| **Медицински факултет**<br>**- општа медицина** | биологија |
| **Стоматолошки факултет**<br>**- стоматологија** | биологија |
| **Фармацевтски факултет** | хемија со биологија |
| **Факултет за физичка култура** | проверка на психофизичките способности:<br>- спортски игри, атлетика, психомоторика, спортска гимнастика |
| **Факултет за драмски уметности** | |
| **- драмски актери** | **прв дел**<br>- тест од општа култура<br>- писмена работа<br>- чувство за ритам и слух<br>- интерпретација на еден драмски монолог и една песна по избор на кандидатот и една песна по избор на Комисијата<br>**втор дел**<br>- доработка на избраниот, или работа на нов монолог<br>- импровизација на зададена тема |
| **Факултет за ликовни уметности** | |
| **- Сликарски оддел** | - цртање фигура по жив модел и сликање мртва природа |
| **- Вајарски оддел** | - моделирање портрет по жив модел и цртање акт по жив модел |
| **- Графички оддел** | - цртање фигура по жив модел и цртање мртва природа |
| **- Педагошки оддел** | - цртање фигура по жив модел и цртање мртва природа |
| **Факултет за музичка уметност** | |
| **- музичка теорија и педагогија** | - солфеж, основи на хармонијата, пијано |
| **- композиција** | - композиција, полифонија, хармонија, солфеж, пијано |
| **- музикологија** | - историја на музиката, солфеж, основи на хармонијата, пијано |
| **- диригирање** | - диригирање, полифонија, хармонија, солфеж, пијано |
| **- соло пеење** | - соло пеење, солфеж |
| **- пијано, хармоника, гудачки инструменти, харфа, гитара, дувачки инструменти, ударни инструменти** | - инструмент, солфеж |
| **- сонологија и мултимедија** | |

**<u>Забелешка:</u>**
**Подетални информации за проверката на знаењата и умеењата ќе бидат објавени на соодветните факултети.**

**Листа 3**

## Студиски програми
## и видот и содржината на дополнителното тестирање/селекција

| Факултет/студиска програма | Вид и содржина на дополнителното тестирање/селекција |
|---|---|
| **Архитектонски** | 1. математика и<br>2. нацртна геометрија*<br> - ликовна уметност<br> - филозофија<br> - социологија<br> - информатика<br>(по избор на кандидатите) |
| **Градежен** | нема дополнително тестирање |
| **Електротехнички** | според наставните програми за предметот математика што се изучува во средното образование |
| **Машински** | математика |
| **Технолошко-металуршки** | хемија (општа и неорганска и органска хемија) |
| **Рударско-геолошки** | хемија |
| **Природно-математички** | |
| - математика | математика |
| - информатика | информатика |
| - хемија | хемија |
| - физика | физика |
| - биологија | биологија |
| - географија | географија |
| - етнологија | историја |
| - математика – физика | математика и физика |
| - биологија-хемија | биологија и хемија |
| - физика – хемија | физика и хемија |
| **Економски** | нема дополнително тестирање |
| **Правен** | историја |
| **Филозофски** | |
| - филозофија | филозофија |
| - педагогија | педагогија |
| - социологија | социологија |
| - психологија | психологија |
| - историја<br>- историја со архивистика | историја |
| - историја на уметност<br>- археологија | историја |
| - класични студии | класичен јазик |
| - одбранбени и мировни студии | одбрана |
| - социјална работа и<br>  социјална политика | социологија |
| - дефектологија | психологија |
| **Филолошки** | |
| - македонски јазик и јужнословенски јазици | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - македонска книжевност и јужнословенски книжевности | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - албански јазик и книжевност (наставна насока – мајчин) | албански јазик и литература |
| - албански јазик и книжевност насока за преведување и толкување (мајчин) | албански јазик и литература |

| **Факултет/студиска програма** | **Вид и содржина на дополнителното тестирање/селекција** |
|---|---|
| - албански јазик и книжевност насока за преведување и толкување (немајчин) | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - турски јазик и книжевност наставна насока (мајчин) | турски јазик и литература |
| - турски јазик и книжевност наставна насока (немајчин) | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - руски јазик и книжевност | руски јазик или македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - француски јазик и книжевност | француски јазик |
| - општа и компаративна Книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - словенечки јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - српски јазик и книжевност | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| - англиски јазик и книжевност | англиски јазик |
| - италијански јазик и нижевност | италијански јазик |
| - германски јазик и книжевност | германски јазик |
| - преведување и толкување<br>- англиски јазик<br>- француски јазик<br>- германски јазик | <br>- англиски и германски/француски<br>- француски и англиски/германски<br>- германски и англиски/француски |
| **Медицински** | биологија |
| **Стоматолошки** | биологија |
| **Фармацевтски** | хемија со биологија |
| **Педагошки факултет, Скопје** | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| **Педагошки факултет, Штип** | македонски јазик и литература (мајчин јазик и литература) |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | биологија |
| **Шумарски** | |
| - шумарство | биологија |
| - озеленување и унапредување на животната средина | биологија |
| - механичка технологија на дрвото | физика |
| - проектирање и технологија на мебел и ентериер | физика |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | биологија |
| **Факултет за физичка култура** | нема дополнително тестирање |
| **Факултет за драмски уметности** | нема дополнително тестирање |
| **Факултет за ликовни уметности** | нема дополнително тестирање |
| **Факултет за музичка уметност** | нема дополнително тестирање |

**Подетални информации за начинот и содржината на дополнителното тестирање ќе бидат објавени на соодветните факултети - носители на студиските програми.**

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата: http://www.ukim.edu.mk/konkurs**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**